# Финални натпревари

Екипата на Стампедо е победник на турнирот во мал фудбал кој се играше изминатите десетина дена на теренот на Ракометното игралиште. По тешка битка и дури по изведувањето на пенали, Стампедо ја победи екипата на I БТО систем Суводол која остави одличен впечаток кај публиката што го следеше финалето.

Кај жените, најуспешна беше екипата на Тигрици.

Синдикатот на РЕК Битола како организатор на турнирот на победниците им додели рачни часовници.

Спортските натпревари на овој турнир се одличен вовед во традиционалните спортски игри кои секоја година се организираат по повод 28 август, Денот на рударите, а кои изминатите две години заради Ковид пандемијата беа одложени.

Затоа, ги покануваме сите екипи и поединци да се подготвуваат и да земат учество на спортските доживувања кои следат на крајот на август.






ИС ХС
НИ КА




adidas










СТАМПЕДО
БИТОЛА






